**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Комисија за заштита од дискриминација**

# СЕГРЕГАЦИЈА НА ДЕЦАТА РОМИ ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС
**(истражувачки извештај)**

**ноември, 2014 година**

Публикација: Сегрегација на децата Роми во образовниот процес

Уредник: д-р Жанета Попоска
Автор: проф. д-р Јован Ананиев
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Лектура: Елена Георгиевска

Дизајн, уредување и печат: „Скенпоинт“
Тираж: 500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

Поддржано од:
OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe
Mission to Skopje

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

## СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР

ВОВЕД

1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

2. КВАНТИТАТИВНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА СЕГРЕГАЦИЈАТА НА ДЕЦАТА РОМИ ВО ПЕРИОДОТ 2010-2014 ГОДИНА

3. ПРИЧИНИ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

3.1. ОПШТЕСТВЕНО-КУЛТУРЕН КОНТЕКСТ

3.2. ПРОЦЕДУРАЛНИ ПРИЧИНИ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА СЕГРЕГАЦИЈАТА

4. ЗАКЛУЧОЦИ

5. ПРЕПОРАКИ

ПРИЛОГ 1: ПРАШАЛНИК ДОСТАВЕН ДО ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ СО ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПОДАТОЦИТЕ ВО АПСОЛУТНА БРОЈКА, ДОБИЕНИ ЗА СЕКОЕ ПРАШАЊЕ

## ПРЕДГОВОР

Комисијата за заштита од дискриминација многу се залага за превенирање и надминување на различните облици на дискриминација. Сегрегацијата на децата Роми во образовниот процес се покажа како еден од подолготрајните и системски проблеми кои резултираат со индиректна дискриминација на оваа популација на граѓани. Иако не претставува проблем, специфичен само за нашата држава, туку, во поголем или помал обем е присутен во, речиси, сите европски земји каде што живеат Роми и иако овој феномен има длабоки општествени и културолошки корени, сепак, неопходно е да се утврди дискриминацијата и да се преземаат активности за нејзино надминување.

Преку ова истражување, Комисијата за заштита од дискриминација сакаше да ја утврди моменталната состојба на сегрегацијата на децата Роми, преку нивно категоризирање како лица со лесни пречки во психчкиот развој и нивно образование во редовни или посебни паралелки или, пак, во посебни училишта. Исто така, се наметна потребата да се утврди трендот на промени на оваа појава како и да се утврдат причините и да се определат можните активности за подобрување на состојбата.

Покрај останатото, овој истражувачки Извештај има за цел да и помогне на Комисијата да ги планира идните активности во насока на преземање на мерки за подобрување на состојбата, но ќе помогне и на останатите институции, како што се органите на управата, при креирањето на политиките, Народниот правобранител, единиците на локалната самоуправа, граѓанските организации, како и на меѓународните организации во утврдувањето на мерки за надминување на проблемите.

Комисија за заштита од дискриминација

Претседател:
Душко Миновски

**ВОВЕД**

Во Република Македонија, како и во некои други европски земји, во изминатиот период па и до денес, забележана е појава на индиректна дискриминација на децата Роми преку т.н. сегрегација во посебни (порано користен терминот *специјални)* училишта, односно паралелки, доколку детето учи во редовните училишта. Сегрегацијата, односно одвојувањето на овие деца се врши преку нивна категоризација како лица со умерени пречки во психичкиот развој. Ваквото категоризирање, во целокупниот образовен процес на детето го става во подредена положба во однос на другите деца кои не се категоризирани бидејќи нема можност да се образува по исти наставни и предметни програми, нема можност да се образува во средина со деца кои немаат пречки во психичкиот развој и има намалени можности да го продолжи своето средно образование според своите желби. Напротив, така категоризираното дете, кое добива основно образование во сегрегирана средина, го продолжува образовниот процес во оние средни стручни училишта кои нудат образование за деца со умерена попреченост. Дополнително, оваа индиректна дискриминација ќе се квалификува и како *продолжена* бидејќи не застанува само во образовниот процес туку има свое влијание и врз понатамошниот развој на личноста која е категоризирана неосновано и врз општествените, економските и семејните аспекти на животот на односното лице.

Имено, немањето можност да се добие образование кое е соодветно за децата без пречки во развојот, создава дополнителни проблеми во процесот на наоѓањето на работа и напредувањето во работниот процес. Поради намалената и стеснета квалификуваност, овие лица не се конкурентни на пазарот на трудот и се ниско платени, најчесто немаат можност да продолжат со понатамошното образование, немаат можност да добијат повисоки позиции во работната организација и често пати постои ризик од отпуштање од работа токму поради нивната категоризираност. Сето ова, понатаму, влијае врз маргинализацијата на овие лица како полнолетни граѓани, а којашто е започната уште во процесот на образованието. Создавањето на перцепција дека тие имаат пречки во психичкиот развој креира стигматизација кон нив од страна на заедницата и директно или индиректно отфрлање од различните аспекти на општеството. Проблемот се мултиплицира бидејќи многу често овие лица ваквиот статус го прифаќаат како нормален и подреденоста како природна појава. Многу често, децата на лицата кои биле категоризирани и учеле во посебни училишта, односно паралелки стануваат ученици со категоризација.

Ваквата појава можеме да ја карактеризираме како системска бидејќи дискриминацијата не ја прави само некој поединец ниту, пак, само некоја институција туку имаме систем (поврзаност на елементи во една целина) на институции, одговорни лица и вработени во целокупниот процес на категоризација и понатамошно продолжување на оваа појава без редефинирање, преиспитување, односно рекатегоризирање. Во склад со искуствата на различни земји е покажано дека системската





дискриминација е најдолготрајна, односно повеќегодишно повторување на некоја појава, општествено прифатлива, свесно или несвесно употребувана од лицата кои ја вршат. Покрај директната или индиректната појавна форма, често пати доведувајќи и додискриминација по асоцијација проследена и со форма на инструкција за дискриминација, навидум неутрални норми, но често недоволно дефинирани и оставени дискрециски овластувања на службените лица.

## 1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Главна хипотеза на истражувањето беше дека:

***Во Република Македонија на национално ниво и на ниво на некои општини процентот на деца Роми кои се категоризирани како лица со пречки во психичкиот развој е значително поголем во однос на процентот на вкупниот број на деца Роми во однос на вкупниот број на деца, припадници на сите етнички заедници. Оваа појава е резултат на мноштво културолошки фактори, недостаток на институционален капацитет и меѓуинституционална соработка, процедурална и правна некомплетност, недореченост и несоодветност и немање на доволна свест кај родителите и кај службените лица.***

***Појавата на индиректна дискриминација преку сегрегација е системска, долготрајна и општествено вкоренета. Па затоа, потребен е системски, институционален и организациски пристап кон намалувањето на оваа појава.***

Истражувањето беше спроведено во периодот од април 2014 година до ноември 2014 година, преку користење на следниве техники на собирање на податоци:

- Анкета која беше реализирана преку доставени прашалници преку пошта до сите општини во државата. Поголем дел од општините Прашалникот го дистрибуираа до директорите на основните училишта кои дејствуваат во рамките на нивната територија и потоа сумарно ги доставија резултатите или, пак, пополнетите прашалници од училиштата беа доставени за обработка до Комисијата за заштита од дискриминација. Но, значителен број од општините само ги имаат доставено прашалниците до основните училишта а потоа директорите прашалниците ги доставија директно за обработка, без да ја преземе таа обврска општината. Поради ова, некои податоци од општините не се комплетни, односно недостасуваат податоци од некое училиште во рамките на неколку општини. Исто така, иако беа доставени прашалници до сите општини, добиени се податоци од 57 општини, а во седум од нив (Кривогаштани, Долнени, Демир Хисар, Брвеница, Демир Капија, Арачиново и Чешиново-Облешево) е добиен одговор дека немаат деца кои се категоризирани што претставува соодветен и релевантен примерок за да се добие релевантна статистика и да се донесат соодветни заклучоци.
- Во прашалниците кои беа наменети за редовните основни училишта се бараа податоци колку вкупно категоризирани ученици учат во редовните и посебните паралелки од 2010 до 2014 година, за секоја година одделно и колку ученици се запишале во секоја година одделно.
- Дополнително, Прашалник беше испратен и до сите посебни училишта. Во Прашалникот наменет за посебните училишта се бараше исти информации, со таа разлика што во овие училишта нема редовни паралелки (за деца без пречки во развојот). И во двата прашалника се бараа податоците да бидат структурирани според етничката припадност на детето.
- Од посебното основно училиште „Иднина“ не се добиени податоци.
- Беа реализирани две фокус групи. Првата фокус група која се одржа на 3 јули 2014 година, имаше за цел да ги осознае причините за појавата и трендовите на промени на феноменот на висока стапка на категоризирани деца Роми. На неа учествуваа претставници од стручните служби на неколку посебни училишта, основното училиште во Шуто Оризари, претставник од Комисијата при Заводот за ментално здравје, професор од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје, претставници од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование, Министерството за здравство, претставници на граѓански организации и на меѓународни организации кои работат на оваа проблематика. На фокус групата беа дискутирани неколку теми и тоа: постапката на категоризација, како се разграничува образовната запоставеност од пречките во психичкиот развој, кои се институционалните и кадровските слабости, кои се слабостите во меѓуинституционалната соработка, кои се трендовите (позитивни и негативни) во промената на состојбата и слично. На втората фокус група која се одржа на 13 ноември 2014 година, присуствуваа претставници од истите институции како и во првата фокус група а се дискутираа мерките кои се преземени и кои ќе се преземаат од страна на институциите во насока на надминување на проблемот, беа дискутирани нацрт-препораките кои произлегоа од сознанијата добиени преку спроведеното истражување, како и водење доста жива дискусија за нацрт-моделот за процена (нацрт-верзија добиена од Министерството за труд и социјална политика, октомври 2014 година). Сознанијата од двете фокус групи се вградени во овој истражувачки Извештај на тој начин што беа или основа за допрецизирање на податоците содржани во официјалните документи или насока за добивање на дополнителни сознанија преку водење на интервјуа или собирање на дополнителни податоци. Некои од исказите на учесниците се пренесени како парафраза а некои директно, но, поради дискреција на изворот на информацијата се посочува институцијата или, пак, се укажува дека е став на педагогот, психологот, наставникот или директорот на училиштето или став на претставникот на органот на управата

или граѓанскиот сектор. Тематските блокови, по кои се водеше дискусијата на фокус групите беа подготвени врз претходна примарна анализа на состојбата преку собирање на секундарни извори на податоци (претходни анализи, официјални документи и статистика) и реализирани подготвителни интервјуа.

- Поради попродлабочено осознавање на проблемот и добивање на релевантни ставови за негово идно надминување беа реализирани вкупно тринаесет интервјуа со: претставник од Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, двајца педијатри, тројца психолози од основни училишта, тројца педагози од основни училишта, еден дефектолог од посебно училиште и еден вработен во граѓанска организација чијашто активност е заштита на правата на Ромите.



## 2. КВАНТИТАТИВНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА СЕГРЕГАЦИЈА НА ДЕЦАТА РОМИ ВО ПЕРИОДОТ 2010-2014 ГОДИНА

Потребно е да се потенцира дека од анализата се изземени оние општини во кои ниту во една година нема категоризирано ниту едно дете припадник на ромската етничка заедница. **Нагласуваме дека е направен структуриран примерок, односно општини во чијашто фреквенција е евидентирано дете припадник на ромската етничка заедница. Вкупниот процент на сегрегација не ја отсликува состојбата на државно ниво бидејќи не се обработени оние општини кои не го пополниле Прашалникот (пополнет од 57 општини) и оние општини во кои не се појавува категоризирано дете кое припаѓа на ромската заедница.** Ваков структуриран примерок е направен бидејќи на едно место се групираат општините во кои се претпоставува дека живеат ромски деца (штом барем едно во текот на пет години е категоризирано), не се вклучуваат останатите општини, особено доколку се големи а немаат ромска заедница. Бидејќи нивното вклучување може статистички многу да влијае врз квантитативните заклучоци и поради статистичката прегледност, односно во графиконите непотребно е да се појавуваат општини во кои се појавуваат податоци кои не се релевантни за предметот на истражувањето. Затоа што, образованието е децентрализирано, се препорачува интерпретациите да се насочат повеќе на општинско ниво, односно проблемот на сегрегацијата повеќе да се гледа сегментирано, од општина до општина а потоа да се изведе кумулативен заклучок, отколку да се интерпретира статистички на национално ниво.

Според добиените податоци, во продолжение се дадени резултати за оние општини во кои е забележан највисок процент на категоризирани деца Роми. Во училишната 2010/2011 година највисок процент на категоризирани деца Роми во редовни паралелки има во Виница - 63% а во посебни паралелки во Штип - 77,78%. Истиот тренд е забележан и во учебната 2011/2012 година. Во Виница е највисок кога станува збор за редовните паралелки - 65% а во Штип во однос на посебните паралелки - 78,38%.

Во учебната 2012/2013 година, Штип предничи во редовните паралелки - 35,29% а Прилеп во однос на посебните паралелки – 66%. Во учебната 2013/2014 година, во однос на редовните паралелки највисок процент на категоризирани деца Роми во редовни паралелки има во Делчево - 55,55% а во однос на посебните паралелки водечко место зазема Прилеп - 63%.

Ако учебната 2010/2011 година, се земе како стартна година а 2013/2014 година како последна година, општо не може да се забележи значителен тренд на намалување на бројот на категоризираните деца Роми во редовните паралелки. Во Штип каде што овој процент е висок не е забележано намалување, - 33% во Дебар, - 63% во Виница. Кај

посебните паралелки ваквите промени се позабележителни и ова е позитивен податок бидејќи целта е трендот на намалување да биде поголем кај посебните паралелки во однос на редовните паралелки каде што учат категоризираните деца.

Иако има тренд на намалување, сепак, овој тренд не е голем, ако се има предвид дека станува збор за период од четири години. Во Штип процентот се намалува за 16%, во Куманово за 32%, во Битола за 9%, во Виница за 11%, стагнирање се забележува и во Делчево, Тетово, Струга, Кавадарци и Прилеп (последните две остануваат со висок процент над 50%). Тренд на зголемување е забележан во Кочани за 4%, Кисела Вода за 43%, Кичево за 11%.

**Табела бр. 1**

| Општина | Ученици Роми, категоризиран и како деца со пречки во психичкиот развој, кои учеле во редовните училишта во редовни паралелки во 2010/2011 година | Ученици Роми, категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, кои учеле во редовните училишта во редовни паралелки во 2011/2012 година | Ученици Роми, категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, кои учеле во редовните училишта во редовни паралелки во 2012/2013 година | Ученици Роми, категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, кои учеле во редовните училишта во редовни паралелки во 2013/2014 година |
|---|---|---|---|---|
| Штип | 35,29 | 42,86 | 35,29 | 35,29 |
| Куманово | 14,85 | 23,85 | 16,13 | 14,89 |
| Чаир | 20,00 | 18,18 | 10 | 16,67 |
| Теарце | 14,29 | 23,08 | 0 | 22,22 |
| Гостивар | 0,00 | 0 | 0 | 0 |
| Дебар | 33,33 | 33,33 | 0 | 0 |
| Виница | 63,16 | 65 | 0 | 0 |
| Аеродром | 8,70 | 6 | 0 | 7,5 |
| Гази Баба | 5,45 | 0 | 10,13 | 10 |
| Ѓорче Петров | 10,00 | 11,76 | 0 | 4,17 |
| Кочани | 0,00 | 0 | 100 | 100 |
| Велес | 0,00 | 0 | 0 | 0 |
| Кисела Вода | 4,08 | 0 | 7,27 | 4,17 |
| Делчево | 0,00 | 0 | 0 | 55,56 |
| Тетово | 13,16 | 14,63 | 20 | 13,85 |
| Струга | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| Кавадарци | 9,09 | 9,09 | 9,09 | 9,09 |
| Ранковце | 50,00 | 50,00 | 50 | 50 |
| Прилеп | 7,14 | 10,71 | 12,28 | 3,03 |
| Кичево | 0 | 0 | 0 | 12,5 |
| Крива Паланка | 0 | 11,11 | 0 | 18,18 |
| Росоман | 0 | 20 | 50 | 50 |

**Графикон бр. 1**




Во табела бр. 2. е прикажан процентот на Ромите со пречки во психичкиот развој по општини. Процентот е пресметан во однос на вкупниот број на деца со пречки во развојот во поединечна општина, кои учат во одреден вид на паралелка. Направена е споредба во различни учебни години на Ромите со пречки во развојот запишани во посебни паралелки, по општини.

**Табела бр. 2**

| Општина | Ученици Роми, категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, кои учеле во редовните училишта во посебни паралелки во 2010/2011 година | Ученици Роми, категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, кои учеле во редовните училишта во посебни паралелки во 2011/2012 година | Ученици Роми, категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, кои учеле во редовните училишта во посебни паралелки во 2012/2013 година | Ученици Роми, категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, кои учеле во редовните училишта во посебни паралелки во 2013/2014 година |
|---|---|---|---|---|
| Штип | 77,78 | 78,38 | 60 | 61,29 |
| Куманово | 71,21 | 55,17 | 48 | 39,58 |
| Теарце | 0 | 0 | 12,5 | 0 |
| Гостивар | 25 | 25 | 17,65 | 0 |
| Виница | 11 | 12,5 | 0 | 0 |
| Гази Баба | 0 | 0 | 7,69 | 0 |
| Кочани | 31,82 | 26,67 | 41,18 | 35,71 |
| Кисела Вода | 7,14 | 7,14 | 61,54 | 50 |
| Делчево | 60 | 47,06 | 53,33 | 56,25 |
| Тетово | 15,15 | 15,15 | 0 | 16,67 |
| Струга | 10 | 9,09 | 11,11 | 9,09 |
| Кавадарци | 57,89 | 52,94 | 59,09 | 56,52 |
| Прилеп | 60,78 | 66,07 | 66,04 | 63,04 |
| Кичево | 0 | 12,5 | 12,5 | 12,5 |
| Битола | 51,61 | 37,5 | 38,24 | 42,42 |





**Графикон бр. 2**




Ако се земат предвид само оние општини во кои во која било учебна година од 2010/2011 до 2013/2014 година е евидентирано барем едно дете од ромска етничка заедница со категоризација, вкупниот процент на намалување на овие категоризирани деца во редовните паралелки е многу благ и изнесува 1,2% а во посебните паралелки ова намалување во учебната 2013/2014 година во однос на 2010/2011 година изнесува 5%, прикажано јасно во табела бр. 3 и графикон бр. 3.

**Табела бр. 3**

| | 2010/2011 | 2011/2012 | 2012/2013 | 2013/2014 |
|---|---|---|---|---|
| Процент на ученици Роми - категоризирани како деца со посебни потреби во редовни паралелки на ниво на држава | 8,6675 | 9,886 | 8,857 | 7,632 |
| Процент на ученици Роми - категоризирани како деца со посебни потреби во посебни паралелки на ниво на држава | 44 | 41,43 | 41,315 | 39,012 |

**Графикон бр. 3**




Ако како вкупен број за анализа се земат само оние општини во кои во која било година од 2010 до 2014, се запишало барем едно дете кое припаѓа на ромската етничка заедница, ќе се забележи дека запишувањето на деца Роми кои се категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој во 2014 во однос на 2010 година, се зголемил за 20%, а за толкав процент се намалил бројот на децата Роми, кои се запишале во прво одделение во посебни паралелки во 2014 во однос на 2010 година.

Тоа претставува добар тренд, имајќи предвид дека општа препорака е да се зголемува бројот на децата со категоризација во редовни паралелки, почитувајќи го на тој начин процесот на инклузија. Но, сепак, загрижува фактот што процентот, сепак, е висок на децата Роми, кои се запишуваат во редовните паралелки затоа што се категоризирани а тоа претставува т.н латентна или семи сегрегација во рамките на паралелката (за ова видете подолу во делот кој се однесува на причините за сегрегација).





**Табела бр. 4**

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|---|
| Ученици Роми кои се категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, се запишани во прво одделение во редовните училишта во редовни паралелки | 25 | 54,17 | 51,52 | 40 | 45,45 |
| Ученици Роми кои се категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, се запишани во прво одделение во редовните училишта во посебни паралелки | 75 | 45,83 | 48,48 | 60 | 54,55 |

Подолу се дадени фреквенциите во апсолутна бројка за вкупниот број на категоризирани деца, од една страна, и бројот на деца Роми, од друга страна, за секое прашање одделно, содржано во Пашалникот доставен до општините а кој е во прилог на овој Извештај (Прилог 1). Кривите го прикажуваат соодносот вкупно, наспроти деца Роми не во процент туку со број на запишани деца за да се надмине статистичкиот проблем кој се јавува со малите броеви а кои, на ниво на мал број на вкупно запишани деца со категоризација може да претставува висок процент. Кривите го покажуваат трендот по општини и нивното истовремено претставување помага да се уочи колкав е уделот на деца Роми во вкупниот број по општина и да се спореди трендот за секое прашање меѓу општините. И овде се прикажани само оние општини во кои барем во една од четирите анализирани години е запишано дете во редовна или посебна паралелка кое е категоризирано како дете со пречки во психичкиот развој и е припадник на ромската заедница.

**Графикон бр. 4**




**Графикон бр.5**






**Графикон бр. 6**




**Графикон бр. 7**



**Графикон бр. 8**




**Графикон бр. 9**








**Графикон бр. 10**




**Графикон бр. 11**



**Графикон бр. 12**




**Графикон бр. 13**




**Графикон бр. 14**




**Графикон бр. 15**



**Графикон бр. 16**




**Графикон бр. 17**








**Графикон бр.18**




**Графикон бр. 19**



**Графикон бр. 20**




**Графикон бр. 21**




Уочливо е дека бројот на деца кои се запишуваат во прво одделение во редовни или посебни паралелки, а припаѓаат на ромската етничка заедница, не е толку голем колку што расте бројот на вкупно ниво на учебна година или, пак, да придонесе за толку мал пад во одделни години. Ова може да претставува резултат на неколку фактори, но најверојатно е дека е резултат и на категоризирањето на децата во текот на повисоките одделенија, префрлувањето на децата од посебни во





редовни паралелки или, пак, од фактот што порано овој број бил далеку поголем а тие деца се веќе ученици во погорните одделенија.

До директорите на сите посебни училишта беа доставени прашалници, но не беа пополнети од сите нив, односно немавме податоци од сите посебни основни училишта. Поради ова, во овој Извештај се претставени податоци само од оние посебни основни училишта од кои се добиени одговори.

Во ПОУ „Климент Охридски“ бројот на деца Роми е многу мал (табела бр. 5).

**Табела бр. 5**

| **Ново Село (ПОУ „Климент Охридски“)** | **2010/2011** | **2011/2012** | **2012/2013** | **2013/2014** |
|---|---|---|---|---|
| Колку вкупно ученици Роми, кои се категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, учеле во училиштето | 0 | 1 | 1 | 2 |
| Колку вкупно ученици, кои се категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, учеле во училиштето | 52 | 50 | 48 | 50 |

Во училиштето „Д-р Златан Сремац“ ситуацијата е поинаква. Во ова училиште континуирано е висок процентот на децата Роми, но радува фактот што во учебната 2013/ 2014 година овој број е трипати помал во однос на 2010/2011 година (табела бр. 6).

**Табела бр. 6**

| **Скопје („Д-р Златан Сремац“)** | **2010/2011** | **2011/2012** | **2012/2013** | **2013/2014** |
|---|---|---|---|---|
| Колку вкупно ученици кои се категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, учеле во училиштето | 161 | 153 | 126 | 123 |
| Колку вкупно ученици Роми, кои се категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, учеле во училиштето | 64 | 40 | 22 | 22 |

**Графикон бр. 22**




Трендот на намалување на бројот на запишни деца во прво одделение е помал и има тренд на намалување, но се претпоставува дека во погорните одделенија се префрлуваат деца во ова посебно основно училиште.

**Графикон бр. 23**




Сепак, трендот на сегрегација и во редовните училишта во Штип е присутен и во средното училиште „Искра“ во овој град. Можеби ова е разбирливо бидејќи овде се запишуваат деца кои основното образование го поминале како категоризирани лица, но, сепак, загрижува фактот на пораст на процентот.





**Табела бр. 7**

| Штип (ДСУ „Искра“) | 2010/2011 | 2011/2012 | 2012/2013 | 2013/2014 |
|---|---|---|---|---|
| Колку вкупно ученици кои се категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, учеле во училиштето | 89 | 91 | 89 | 87 |
| Колку вкупно ученици Роми, кои се категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, учеле во училиштето | 27 | 36 | 39 | 38 |

**Графикон бр. 24**



**Табела бр. 8**

| Штип (ДСУ „Искра“) | 2010/2011 | 2011/2012 | 2012/2013 | 2013/2014 |
|---|---|---|---|---|
| Колку вкупно ученици Роми, кои се категоризирани како деца со пречки во психичкиот развој, учеле во училиштето (во проценти) | 30,34 | 39,56 | 43,82 | 43,68 |

**Графикон бр. 25**








## 3. ПРИЧИНИ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

### 3.1. ОПШТЕСТВЕНО-КУЛТУРЕН КОНТЕКСТ

Предмет на ова истражување не беа општествено-културните фактори кои влијаат врз сегрегацијата на децата Роми. Овој, како и многу други фактори, не може да се употребуваат како оправдување за постоењето на оваа појава. Поради ова, само накратко се објаснуваат факторите кои влијаат на феноменот на индиректната дискриминација, без да се користат социолошки и антрополошки методи и следствено на тоа анализи, имајќи секогаш предвид дека предмет на истражувањето е дискриминацијата а останатите фактори се гледаат како контекст на појавата.

Од спроведените интервјуа и во текот на фокус групата, како и врз основа на претходни истражувања, може да се констатира дека самоперцепцијата за припаѓање на група која традиционално е во подредена положба и на која не и е потребно образование како и перцепцијата на припадниците на останатите етнички групи дека Ромите имаат „свој стил на живеење“, “не сакаат да учат и не им треба образование“,  и слично се предрасуди кои многу влијаат врз стигматизацијата на ромската заедница во сферата на образованието, како и во останатите сфери. Во процесот на социјализација на ромското дете, која се случува, најпрвин, во семејството, се пренесуваат информации за неговите предци, но и во најголем број на случаи, тоа дете расте со родителите и членовите на поблиското семејство кои немаат никакво образование или имаат многу низок степен на образование. Тоа влијае врз креирањето на сликата кај детето за традиционалнте аспекти на  третирањето на образованието. Во неговата училишна возраст, детето ја добива сликата во однос на образованието и за останатите ромски семејства, преку своите другари или роднини. Во рамките на училиштето, многу често ова дете е перципирано од останатите деца, кои не се припадници на ромската заедница, како нееднакво на нив и незаинтересирано да го следи образовниот процес. Кон зголемувањето на самоперцепцијата на различност во однос на останатите, од една страна, и зголемувањето на предрасудите меѓу децата кои не се Роми, од друга страна, придонесуваат наставниците. Многу често, поради послабите знаења кои ги покажуваат дел од децата Роми, послабото познавање на македонскиот јазик, или, пак, водени од нивните стекнати предрасуди ја поттикнуваат перцепцијата или самоперцепцијата за различност во однос на успехот и заинтересираноста за образованието. Кога ова се повторува со генерации веќе преоѓа во традиционално сфаќање и станува дел од одредена култура, како на ромската така и на останатите етнички заедници.

Се претпоставува дека предрасудите во однос на децата Роми, се дека тие немаат доволно знаења и вештини за да го отпочнат или, пак,

продолжат образованието во редовни паралелки како деца коишто не се категоризирани и дека голем број од родителите на децата Роми не се заинтересирани нивните деца да се образуваат. Станува збор за постоење на предрасуди кај дел од наставниците, педагозите, психолозите или, пак, дел од стручните служби кои се задолжени за категоризацијата. Во ова истражување не беа мерени ставовите или стереотипите кај овие стручни лица, но од разговор со дел од нив или преку разговор со претставници на граѓански организации може да се констатира дека е еден од факторите кој влијае на постоењето на проблемот на сегрегацијата, но и основа да се препорача надминување на оваа состојба преку подигање на свесноста меѓу нив.

Во текот на интервјуата и фокус групите често пати беше потенцирано дека една од главните причини за сегрегацијата се родителите на децата Роми бидејќи, според мислењето на соговорниците, тие го бараат тоа *за да добијат надоместок за деца со попреченост до 26-годишна возраст и поради тоа полесно да можат да го поминат основното и средното образование.* Потоа, беше потенцирано дека постои одредена традиција родителите, кои своето образование го поминале во посебни училишта или паралелки, ги насочуваат и своите деца кон овој тип на сегрегирано образование. Но, без разлика на желбата на родителите, *институциите треба да ги занемарат неоснованите барања на родителите, доколку постојат, бидејќи треба да се водат од начелото за најдобар интерес на детето и дека тие се одговорни за нивната иднина со прифаќањето на неоснованото барање од родителот.*

### 3.2. ПРОЦЕДУРАЛНИ ПРИЧИНИ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА СЕГРЕГАЦИЈАТА

*3.2.1. Училишно ниво*

Врз основа на официјалните документи, интервјуата и реализираните фокус групи, генерално, може да се констатира дека нема јасни процедури во процесот на категоризација. Дури, може да се констатира, во текот на првата фокус група, дека дел од учесниците (вработени во стручните служби на училиштата или наставници) немаат доволно познавање за постојните процедури.

Се констатира дека *освен родителот, никој друг не може да ја иницира постапката за категоризација на детето.* Исто така, во целокупната постапка не е дефинирана улогата на стручната служба и наставникот во училиштето во иницирањето на постапката или во текот на нејзината реализација. Нема стандардизирани тестови во текот на запишувањето на децата во прво одделение, освен на ниво на град Скопје меѓу педагозите во рамките на Здружението на педагозите на град Скопје (според исказ на педагог учесник на фокус групата). Се истакна потребата од стандардизација на ниво на државата и се потенцира недостатокот од советник - педагог во Бирото за развој на образование,





со цел воспоставување и координирање на усогласеност на тестовите и постапката на тестирање.

Во текот на основното и средното образование децата припадници на ромската заедница немаат можност да имаат настава на мајчин јазик (ромски или турски јазик, зависно во кој регион живеат, освен ако македонскиот јазик не им е мајчин јазик). *Јазикот претставува пречка и во процесот на тестирање на детето и во текот на наставата, непознавањето или недоволното познавање на јазикот, може да претставува основа за добивање на погрешна слика за психичкиот развој на детето.*

*Извадок од дискусија од фокус групата:*

*Дали има проблем со непознавање на јазикот?*

„Тестирањето се врши со помош на одделенски наставници. Во тимот секогаш има колешка која го познава ромскиот јазик за да може да се разбереме“.

Психологот укажува дека кога наставниците имаат проблем со одредено дете во текот на наставата и ќе го упатат кај психологот со аргумент дека тоа е едукативно запоставено, честопати се констатира дека тоа дете не ги разбира бидејќи не го познава македонскиот јазик. „Кога не сме сигурни дека некое дете има или нема лесна попреченост го упатуваме до Комисијата при Заводот за ментално здравје за да дадат свое мислење“.

Во текот на образованието може да се случи да има потреба да се тестира одредено дете, доколку се забележи дека има одредени проблеми во развојот.

*Што се случува со оние деца, кои се тестираат во училишта каде што никој не го познава нивниот мајчин јазик. На пример, во Источна Македонија, Ромите зборуваат на турски јазик?*

„Таму тестирањето оди потешко а во текот на наставата често се користи да се праша некое негово другарче Ром за да преведе. Многу често одредена попреченост се открива подоцна, во текот на прво или второ одделение а поретко во текот на тестирањето. Тоа се открива во текот на наставата или, пак, со дружењето со другарчињата“.

„Се повикуваат родителите на децата кои имаат проблем со македонскиот јазик и им се укажува дека има потреба да посветат поголемо внимание на овој проблем“.

„Ромскиот јазик е како факултативен предмет“.

„Многу е тешко да се посвети внимание на секое дете кое има таков проблем, но преку дружење со други деца и заемно помагање тоа се

постигнува. Но, во училиштето „Браќа Рамиз“ има позитивен пример, бидејќи најголемиот број се Роми и меѓусебно си помагаат. Поголем проблем се јавува каде што бројот на децата Роми е помал. Во текот на одморите наставниците се трудат постојано да им зборуваат на македонски јазик“.

*Дали самите определувате детето да отиде во Заводот или му укажувате на родителот дека има потреба да го однесат детето на процена?*

„Јас ги повикувам родителите, кои понекогаш даваат отпор. Некои ги носат во Заводот, а некои сè уште ги немаат однесено. Останува на волјата на родителите“.

Потребно е да се потенцира дека *не е регулирана процедурата за постојано набљудување на психичкиот развој на детето во рамките на училиштето и процесот на иницирње на рекатегоризација.* Ваква процедура не е регулирана ниту на ниво на државата, ниту на ниво на училиштето и е оставено на востановената пактика.

*3.2.2. Комисии за категоризација*

За категоризацијата е надлежна Комисијата при Заводот за ментално здравје и комисиите кои функционираат во неколку градови во државата. Не се доволно јасни критериумите врз кои родителите се одлучуваат дали детето ќе го одведат на категоризација во Комисијата при Заводот за менално здравје и регионалните комисии, ниту, пак, е доволно јасна разликата во надлежностите на комисиите во рамките на општините, од една страна, и Комисијата во рамките на Заводот за ментално здравје, од друга страна.

*Не постојат пишани протоколи по кои се прави проценувањето на детето и неговата категоризација*. Тоа се прави мултидисциплинарно од тим составен од психијатар, психолог, дефектолог и социјален работник. Од дефектолошки и психолошки аспект, врз основа на реализираните интервјуа, се констатира дека семејната и пошироката средина влијае врз психичкиот развој на детето и недоволното образование и недоволните животни вештини и навики може да придонесат кон т.н. социјална заостанатост кај детето која се рефлектира врз психичката заостанатост кај детето. *Од разговорот во текот на интервјуата и фокус групите се констатира дека нема развиена методологија и процедури за разграничување на образовната запоставеност и пречки во психичкиот развој.*





*Извадок од дискусија од фокус групата:*

*Како се прави разграничување меѓу интелектуална попреченост и образовна запоставеност?*

„ На пример, детето не ги знае боите, не знае да брои до десет, се дава невербален тест, одредена сложувалка. Од првото тестирање тестовите не се препраќа до Комисијата за да придобие чувство на доверба. После четири или пет средби тестовите се препраќаат до Комисијата. Прашањата се општи. Колку членови имате во семејството. Што правите во текот на денот. Какво е времето надвор и слично. И некомуникацијата со психологот се третира како проблем кој е индикација“.

„Најголем дел од нив биле клиенти од раниот период на нивната возраст. Био, психо и социјално заостануваат и најчесто се упатени од педијатарот. За најголемиот дел од нив имаме отворено картони уште од 18 месеци. Таквиот процент на деца не се знае. Позначаен број се упатуваат од посебните и од редовните училишта. Не е мал бројот на деца кои се упатуваат подоцна. Задолжително доаѓаат со упат од матичниот лекар“.

„Најпожелно е, но не се прави тоа, а тоа е тријажа. Тоа значи дека пред да се упати до Комисијата детето треба да се прегледа во Заводот, а тоа се прави во приемно одделение кај лекар. Матичниот лекар за да биде исполнителен закажува преглед кај кој било во Заводот а не кај соодветното лице. Потребно е матичниот лекар да го упати не во Заводот туку кај психијатар во Заводот. Задолжителни документи се:упат од матичен лекар; писмо од Центарот за социјална работа, затоа што каков и да е наодот треба да се заведе во Центарот; здравствено осигурување; извод од матична книга на родени за детето и лична карта од родителот. Не е важно дали има упатство од училиштето“.

„Родителот мора да изјави дека е согласен да се направи категоризација. Потребно е Комисијата да добие и мислење од тријажа, но Комисијата го прима и без тријажа“.

*Што значи едуктивна запоставеност и интелектуална попреченост? Како ја препознавате таа линија на разликување? Прашање до претставник од Заводот за ментално здравје.*

„Не може еден да одлучи. На пример, користиме невербални и вербални тестови доколку не го знае јазикот. Може да има лесна попреченост, но да не припаѓа во одредена категорија. Разликата со едукативната запоставеност во однос на децата со пречки во психичкиот развој опфаќа пречки во емотивната и интелектуалната способност и слично. Когнитивните, социјалните и емотивните вештини се далеку поразлични во однос на децата со едукативна запоставеност. За овие деца со едукативна запоставеност се дава заклучок, а не наод. Штом ќе се види дека е заклучок се знае дека не станува збор за дете со интелектуална попреченост“.

3.2.3. *Евиденција за психичкиот развој на децата во предучилишниот период*

Се констатира дека педијатрите не се вклучени во прецесот ниту, пак, самоиницијативно водат евиденција за психичкиот развој на детето од самото раѓање до тргнување во прво одделение, а оваа евиденција државата ја нема оранизирано ниту преку медицинските центри во одделните општини, ниту преку активности на психолози или психијатри. Ова е потребно за да утврди дали кај детето се утврдени пречки во психичкиот развој уште во предучилишниот период, бидејќи според стручните лица, многу е поголема веројатноста дека некое дете би имало пречки во психичкиот развој во училишниот период доколку вакви пречки имало и во предучилишниот период.

Доколку се води ваква евиденција ќе има поголема можност да се направи разграничување меѓу образовната запоставеност и пречките во психичкиот развој кои доведуваат до интелектуална попреченост.

*3.2.4. Префрлување од посебно училиште или посебна паралелка во редовна па*ралелка

Меѓу дефектолошката, психолошката и педагошката стручна јавност има постигнат консензус околу потребата за континуирана и правно стандардизирана рекатегоризација на децата кои се категоризирани со лесни пречки во психичкиот развој. Исто така, постои консензус околу потребата од т.н. инклузија, односно вклучување на децата со лесни пречки во психичкиот развој во редовните паралелки. Ваквиот процес ќе придонесе кон поголема интеграција на децата и ќе има поголем ефект врз нивнит развој.

